Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________
_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 468–та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 2023 година**

Седницата се одржа на ден 12.12.2023 година – вторник во салата за седници со почеток од 10.00 часот.

Присутни членови:

- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател и член на Советот
- **м-р Антоанета Димовска**, Член на Советот
- **Мери Радевска,** Член на Советот
- **м-р Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Весна Дамева,** Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска,** Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, Член на Советот
- **Лорета Горгиева** Член на Советот и
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот

Отсутни членови – уредно поканети:

- **Кренар Лога**, Министер за правда
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд – доставено известување по емаил дека поради неодложни службени обврски не е во можност да присуствува на седницата
- **Сашко Георгиев,** Претседател на Советот, оправдано отсутен

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секратар
- **Медиа Шаќири**, Советник
- **Александра Шоптрајанова,** Самостоен Референт

Седницата е отворена за јавноста и на неа присуствуваа:

- **Претставници од невладиниот сектор**
- **Новинари**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше **Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** и констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата и го изложи предлог Дневниот ред за 468-та седница:

1. Донесување на Одлука за објавување Оглас за избор на судии на Врховен суд на РСМ;

2.Анализа за потребата за донесување на Одлука за објавување оглас за избор на судии на апелациони судови во РСМ;

3. Разгледување на  Извештај на Комисија за подготовка на кандидатски листи и донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на член на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ;

4. Донесување на Одлука за избор на судии поротници на Апелациониот суд Скопје;

5.Одлучување по барања за патни трошоци;

6. Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд и

7.Разно.

За збор се јави **м-рТања Чачарова Илиевска** Член на Советот и предложи да се спојат првата и втората точка и да се надополни точката еден покрај одлуката за избор на судии на Врховен суд на Република Северна Македонија да биде дополнета и донесување на Одлука за објавување оглас за избор на судии на апелациони судови во Република Северна Македонија.

**Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** го стави на гласање предлогот на членот на Советот **м-рТања Чачарова Илиевска** за да се надополни точката еден покрај одлуката за избор на судии на Врховен суд на Република Северна Македонија да биде дополнета и донесување на Одлука за објавување оглас за избор на судии на апелациони судови во Република Северна Македонија.По гласањето се констатира дека со 11 гласа ,,За“ и ниту еден ,,Против’’ е усвоен предлогот за точка еден, покрај одлуката за избор на судии на Врховен суд на Република Северна Македонија да биде дополнета и донесување на Одлука за објавување оглас за избор на судии на апелациони судови во РСМ/

**Точка 1**

**Донесување на Одлука за објавување Оглас за избор на судии на Врховен суд на РСМ и на апелациони судови во РСМ;**

**Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека изготвена е анализа за потребни судиски места во Врховен суд на Република Северна Македонија, Виш управен суд, апелационен суд Скопје, апелационен суд

Гостивар, апелационен суд Битола и апелационен суд Штип од страна на работната група формирана при Судскиот совет на Република Северна Македонија.
Му даде збор на известителот-претседателот на работната група-**Весна Дамева- Член на Советот** која наведе дека анализата е разгледана, расправано е по истата од страна на Советот и е усвоена на седница.

За збор се јави **м-рТања Чачарова Илиевска** Член на Советот и предложи да се објави Оглас за избор на судии на Врховен суд на Република Северна Македонија од кои тројца судии да бидат од граѓанска и тројца од кривична област.

**Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** наведе дека се согласува со предлогот на членот на Советот **м-рТања Чачарова Илиевска** бидејќи е реален и истиот го стави на гласање. По гласањето констатира дека со 10 гласа ,,За“ и 1 ,,Против“ дека е усвоен предлогот да се објави Оглас за избор на судии во Врховен суд на Република Северна Македонија од кои тројца судии да бидат од граѓанска и тројца од кривична област и е донесена следната

**О Д Л У К А**

Да се објави Оглас за избор на:
- 3 (тројца) судии на Врховен суд на РСМ за граѓанска област и
- 3 (тројца) судии на Врховен суд на РСМ за кривична област.

**Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека треба да се формира Комисија по пат на ждрепка во состав од двајца судии од редот на судиите и еден од членовите предложени од Собрание.

**Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** по ждребањето констатира дека е формирана Комисија и е донесена следната

**О Д Л У К А**

Се формира Комисија за рангирање на кандидати за избор на судии во повисокиот суд по оглас за избор на шест судии во Врховен суд на РСМ, и тоа тројца за граѓанска област и тројца за кривична област, во состав од:
- **Весна Дамева -** Претседател на Комисијата;
- **Лорета Горгиева -** Член на Комисијата и
- **м-р Ивица Николовски -** Член на Комисијата.

**Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека за донесување на Одлука за објавување оглас за избор на судии на

апелационите судови во Република Северна Македонија треба да се формира Комисија за секој суд посебно.

**Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** му даде збор на **м-р Ивица Николовски** член на Советот и кординатор на Апелациониот суд Скопје кој истакна дека Апелациониот суд Скопје има потреба од дополнителни нови судии и предлага да се објави Оглас за избор на шест судии од кои четири судии да бидат од граѓанска и двајца од кривична област.

**Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** отвори расправа по однос на дадениот предлог на **м-р Ивица Николовски** член на Советот.

За збор се јави **Весна Дамева** член на Советот истакна дека како реален број за потребите на Апелациониот суд Скопје со голем број на предмети има потреба од дополнителни нови судии и предлага да се објави Оглас за избор на десет судии од кои шест судии да бидат од граѓанска и четири од кривична област, смета дека овој број е многу мал во споредба од она што треба да се утврди како бројка на судии и што треба да се покрие работата за да се има комплетна ажурност на судот. Инаку и претседателот на Апелациониот суд Скопје навел дека има потреба од овој број на судии за да ја организира работата која според систематизација не е пополнета.

**Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** констатира дека во салата е присутен и **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** и истиот ќе продолжи со раководење на седницата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** и даде збор на членот на Советот **м-рТања Чачарова Илиевска** која истакна дека дискусијата е во насока околу бројката за потрбни судии во Апелациониот суд Скопје и наведе дека во овој момент може да се објави Оглас за избор на десет судии, од кои шест судии да бидат од граѓанска и четири од кривична област заради тоа што раководејќи се од анализата има потреба од ова бројка на судии за да се олесни работата на судот од причина што се знае приливот на предмети.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** се јави за збор и истакна дека треба да се пополни бројката од десет судии во Апелациониот суд Скопје каде по систематизација се предвидени 52 судиски места, а моментално бројката е 30 судии и мисли дека треба да се надополни и со предложената бројка од десет судии за да се надополнат потребите на Апелациониот суд Скопје. Истовремено напоменува дека во

меѓувреме може некој од судиите да се пензионира така да бројката на судии се намалува.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** и даде збор на **м-р Антоанета Димовстка** член на Советот која наведе дека се согласува со бројката од дополнителни нови судии и предлага да се објави Оглас за избор на десет судии од кои шест судии да бидат од граѓанска и четири од кривична област, за да се стабилизира работата во судот.

**Членот на Советот Мирсад Сурoји** се јави за збор и истакна дека се согласува со предлогот на координаторот затоа што подобро ги знае состојбите во Апелациониот суд Скопје, но имајќи во предвид дека сите основни судови не се пополнети со доволен број на судии, смета дека во овој момент ќе биде доволна бројката од дополнителни нови судии и предлага да се објави Оглас за избор на шест судии, од кои четири судии да бидат од граѓанска и двајца од кривична област.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот на координаторот за објавување Оглас за избор на шест судии од кои четри судии да бидат од граѓанска и двајца од кривична област каде со 5 гласа ,,За'', и 7 гласа ,,Против'', констатира дека не е усвоен предлогот.Го стави на гласање предлогот за објавување Оглас за избор на десет судии од кои шест судии од граѓанска и четри од кривична област, каде со 8 гласа ,,За'' и 4 гласа ,,Против'' констатира дека е усвоен предлогот и е донесена

**О Д Л У К А**

Да се објави Оглас за избор на:
- 6 (шест) судии на Апелационен суд Скопје, за граѓанска област и
- 4 (четири) судии на Апелационен суд Скопје, за кривична област.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** по ждребањето констатира дека е формирана Комисија и е донесена следната

**О Д Л У К А**

Се формира Комисија за рангирање на кандидатите за избор на судија во Апелациониот суд Скопје по оглас за избор на десет судии на Апелационен суд на РСМ, и тоа шест за граѓанска област и четири за кривична област, во состав од:

- **м-р Миљазим Мустафа** Претседател на Комисијата;
- **Мирсад Сурoји** Член на Комисијата и
- **м-р Ивица Николовски -** Член на Комисијата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по однос на Апелациониот суд Битола по што му даде збор на **Заменик Претседателот на Советот, Ханиф Зендели** кој е и кординатор на Апелациониот суд Битола, кој истакна дека според неговите проценки судот има потреба од тројца судии од граѓанска област и еден судија од кривична област.

За збор се јави **Весна Дамева** член на Советот и истакна дека се согласува со ова бројка предложена од **Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** за тројца судии од граѓанска област и еден судија од кривична област.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека **Павлина Црвенковска**, член на Советот и **м-р Ивица Николовски** член на Советот се отсутни во моментот во салата и ќе се гласа во нивно отсуство.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот на кординаторот за објавување Оглас за избор на четири судии од кои тројца судии од граѓанска област и еден судија од кривична област каде со 10 гласа ,,За'', и ниту еден ,,Против'', констатира дека е усвоен предлогот и е донесена

**О Д Л У К А**

Да се објави Оглас за избор на:
- 3 (тројца) судии на Апелационен суд Битола, за граѓанска област и
- 1 (еден) судија на Апелационен суд Битола, за кривична област.

Воедно по ждребањето констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

Се формира Комисија за рангирање на кандидатите за избор на судија во Апелациониот суд Битола по оглас за избор на четири судии на Апелационен суд Битола, и тоа три за граѓанска област и еден судија за кривична област, во состав од:

**- м-р Антоанета Димовска** Претседател на Комисијата;
**-Мирсад Суроји -** Член на Комисијата и
**- м-р Селим Адеми** Член на Комисијата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по однос на Апелациониот суд Гостивар по што му даде збор на кординаторот **Весна Дамева** член на Советот, која предлага дека за надминување на

состојбата за недостаток на судии кој го има овој суд потребно е да се објави Оглас за избор на двајца судии, само од граѓанска материја.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека **Павлина Црвенковска**, член на Советот и **м-р Ивица Николовски** член на Советот се повторно присутни во салата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот на кординаторот за објавување Оглас за избор на двајца судии во Апелациониот суд Гостивар само од граѓанска материја, каде со 12 гласа ,,За'', и ниту еден ,,Против'', констатира дека е усвоен предлогот и е донесена

**О Д Л У К А**

Да се објави Оглас за избор на:
- 2 (двајца) судии на Апелационен суд Гостивар, за граѓанска област

Воедно по ждребањето констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

Се формира Комисија за рангирање на кандидатите за избор на судија во Апелациониот суд Гостивар по оглас за избор на двајца судии од граѓанска материја, во состав од:

- **Мери Радевска** Претседател на Комисијата;
- **Лорета Горгиева -** Член на Комисијата.
- **Весна Дамева** Член на Комисијата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по однос на Апелациониот суд Штип по што му даде збор на кординаторот **Мери Радевска** член на Советот која истакна дека во Апелациониот суд Штип според систематизација се предвидени 16 судии а пополнети се 6 судиски места од кои еден е Претседател на судот и предлага да се објави Оглас за избор на еден судија од граѓанска материја.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот на кординаторот за објавување Оглас за избор на еден судија во Апелациониот суд Штип од граѓанска материја и со 12 гласа ,,За'', и ниту еден ,,Против'', констатира дека е усвоен предлогот и е донесена

**О Д Л У К А**

Да се објави Оглас за избор на:

- 1 (еден) судија на Апелационен суд Штип, за граѓанска област

Воедно по ждребањето констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

Се формира Комисија за рангирање на кандидатите за избор на судија во Апелациониот суд Штип по оглас за избор на еден судија на Апелационен суд Штип, граѓанска материја, во состав од:

- **м-р Селим Адеми** Претседател на Комисијата;
- **Мирсад Суроји** Член на Комисијата и
- **Ханиф Зендели** Член на Комисијата.

**Членот на Советот –Весна Дамева** смета дека во огласите е потребно таксативно да се наведат документите кои е потребнбо да се приложат кон пријавата за избор.

**Членот на Советот –Лорета Горгиева** смета дека членовите на Советот треба да ја проверат содржината на огласот.

Членот на Советот-**м-р Антоанета Димовска** се согласува со членот на Советот-Лорета Горгиева и појасни дека Струќната служба треба да го изготви, а членовите да го проверат.

**Членот на Советот –м-р Тања Чачарова Илиевска** смета дека треба да се изменат подзаконските акти на Советот.

**Членот на Советот –м-р Селим Адеми** смета дека не можат да се изменат подзаконските акти на Советот во време на објавување на огласот.

**Членот на Советот –м-р Миљазим Мустафа** смета дека по објавување на огласот не можат да се изменуваат подзаконските акти.

**Точка 2**

**Разгледување на Извештај на Комисија за подготовка на кандидатски листи и донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија;**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев,** му даде збор на известителот **м-р Селим Адеми** членот на Советот кој наведе дека Судскиот совет на Република Северна Македонија на 454 - та седница формираше Комисија за кандидатска листа во состав од членовите на Советот: м-р Селим Адеми, Мери Радевска и Лорета Горгиева.
Комисијата на 05.12.2023 година констатирала дека по предвидениот законски рок нема пријавени кандидати по објавениот Оглас од редот на судиите на Врховен суд на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** предлага да се објави нов Оглас за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија, по што отвори дискусија.

За збор се јави **м-р Селим Адеми** член на Советот кој предлага пред да се отвори Огласот, Судскиот совет треба да расправа на еден работен состанок и да се расчистат дилемите кои беа изнесени а и сега уште не се дефинирани.Ние знаеме дека има ситуација кога се кандидира судија на подрачјето на Апелационен суд  Гостивар, Битола, Штип од страна на една праксата на Советот по што мисли дека не била добро образложена и дека кандидатите од другите националности не можеле да се пријавуваат на тие Огласи и има одбиено кандидатури а исто така се знае дека еден кандидат имал тужби пред нашите органи. Значи треба да се има анализа на методологијата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** и даде збор на членот на Советот **м-рТања Чачарова Илиевска** која наведе дека Советот не може да ги менува условите кои се одредени согласно законот.

За збор се јави **Лорета Горгиева -** Член на Советот и смета дека во погрешен правец дискутира колегата бидејќи дали се работи за кандидати од повисок суд или се работи за методологија, врз основа на наши внатрешни акти, меѓутоа во моментот на објавувањето на огласот не смееме да се спуштиме, можеме да правиме интервенција и дополнување допрецизирање или измена на овие наши внатрешни акти меѓутоа истите би имале важност само во наредни објавени Огласи.

За збор се јави  **Весна Дамева** член на Советот истакна дека се согласува со колегата **м-р Селим Адеми** дека не може во моментот на објавување Оглас до прва фаза на оценувањето да не може да се внесат сите акти. Ние не може да ја менуваме методологијата бидејќи тоа е во согласност со законот, но дообјаснување може да се направи на секоја постапка.

За збор се јави **Миљазим Мустафа** член на Советот и наведе дека има друго мислење бидејќи во Огласот на којшто тече рокот не може да се сменат правилата, доколку има некоја промена на методологијата или во подзаконските акти треба да се внесе пред да се објави Огласот.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот за објавување оглас за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховен суд на Република Северна Македонија и со 12 гласа ,,За'', и ниту еден ,,Против'', констатира дека е усвоен предлогот и е донесена

**О Д Л У К А**

**Да се објави Оглас за избор на член на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ**

Воедно по ждребањето консттаира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

Се формира КОМИСИЈА за подготовка на кандидатски листи по Оглас за избор на член а судскиот совет на РСМ од редот на судиите на Врховен суд на РСМ, во состав од:

- **Мери Радевска** – претседател на Комисијата;
- **Мирсад Суроји** – член на Комисијата и
- **м-р Тања Чачарова Илиевска** – член на Комисијата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е исцрпена точката на дневниот ред, по што се преминува на наредната точка.

**Точка 3**

**Донесување на Одлука за избор на судии поротници на Апелациониот суд Скопје;**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** му даде збор на членот на Советот **м-р Ивица Николовски** кој истакна дека согласно чл.36 ст.1 алиенја 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е предвидено дека Советот е надлежен да избира и разрешува судии поротници. Во чл.53 став 1 од истиот закон стои дека Советот избира и разрешува судии поротници по предлог на Претседтаелот на надлежниот Основен и Апелационен суд. До Судскиот совет на Република Северна Македонија, претседателот на Апелационен суд Скопје, постапувајќи согласно чл.53 ст.1 од

Законот за Судскиот совет на РСМ, со допис Су бр.03-366/2023 од 05.12.2023 година достави предлог листа на кандидати за избор на судии поротници кои ги исполнуваат законските услови за вршење на функцијата судија поротник регулирани во чл.42 од Законот за судовите.Од страна на Апелациониот суд Скопје е доставен предлог за избор на судии поротници во Апелационен суд Скопје и тоа за двајца судии поротници кои се: Аљи Ибрахими и Зоран Димишков двајцата од Скопје.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот на координаторот на Апелациониот суд Скопје за избор на судии поротници да бидат избрани Аљи Ибрахими и Зоран Димишков во Апелационен суд Скопје и консттаира дека има 12 гласа ,,За''. Гласаат и припадниците на зедниците кои не се мнозинство во РСМ со 5 гласа ,,За'.' **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

За судии поротници на Апелационен суд Скопје се избрани:

1. Аљи Ибрахими и
2. Зоран Димишков.

Оваа одлука влегува во сила од 13.12.2023 година.

**Точка 4**

**Одлучување по барања за патни трошоци;**

**.** истакна дека од страна на судија Лиљана Миланова и судија Надица Митреска од Основен кривичен суд Скопје се доставени барања за надомест за патни трошоци бидејќи истите се времено упатени и тоа Лиљана Миланова во Основен суд Свети Николе а Надица Митреска во Основен суд Струга. Кон барањето имаат доставено потребна документација, копија од лична карта, копија од решение за времено упатување, одлука за избор, изјава заверена кај нотар дека судијата или член на нејзиното потесно семејство нема во сопственост стан или куќа на подрачјето на судот во кој се упатува и потврда за цената на возниот билет на релации во двата правци. Исполнети се условите за донесување на решенија за надомест на патни трошоци на судиите.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија. Откако никој не се јави за збор предлогот на судија Лиљана Миланова и судија Надица Митреска од Основен кривичен суд Скопје за надомест на патни трошоци го

стави на гласање и консттаира дека со 12 гласа ,,За’’ се донесени следните решенија:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на **Лиљана Миланова**, судија на Основен кривичен суд Скопје за надомест на трошоци **СЕ УВАЖУВА**.

На **Лиљана Миланова**, судија на Основен кривичен суд Скопје и се **СЕ УТВРДУВА**

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 09.11.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Свети Николе, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Велес-Штип-Свети Николе и обратно.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на **Надица Митреска**, судија на Основен кривичен суд Скопје за надомест на трошоци **СЕ УВАЖУВА**.

На **Надица Митреска**, судија на Основен кривичен суд Скопје и се **СЕ УТВРДУВА**

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 09.11.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Струга, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје-Струга и обратно.

**Точка 5**

**Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседтаел на суд**

**С**огласно чл.39 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ, **Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот за исклучување на јавноста за оваа точка и констатира дека со 12 гласа ,,За’’ **е** исклучена јавноста под точка 5.

**Точка 6**
**Разно**

**Претседателот на Советот** наведе дека од страна на Нотарска комора на Република Северна Македонија е доставено барање за номинирање на нов член на Второстепен дисциплински совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија наместо судија Весна Димитриевска Накова од Апелационен суд Штип која доставила известување за откажување од член во Дисциплинскиот совет поради здравствени причини.

**Членот на Советот-Мирсад Суроји** го предложи судијата Ѓорѓи Андонов.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот за Ѓорѓи Андонов судија на Основен суд Штип да биде номиниран за нов член на Второстепен дисциплински совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија и со 12 гласа ,,За''констатира дека Ѓорѓи Андонов судија на Основен суд Штип е предложен за нов член на Второстепен дисциплински совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија .

За збор се јави **Весна Дамева** член на Советот која предложи Советот да одлучува по однос на барањето за изземање по однос на Комисијата каде е член за повторување на постапката од Виш управен суд на 467-та седница од страна на членот на Советот **Лорета Горгиева** по однос на номинација односно по пат на ждрепка во врска со Комисијата по барањето на повторување на постапка. Ова го бара од причина што Судскиот совет треба да ги образложи причините заклучно со вчерашниот ден до нејзе не стигнаа тие образложени причини со докази како што беа најавени и бидејќи тој рок може да се продолжува пред истекот на истиот и веќе нема можност за продолжување, побара денес Судскиот совет да донесе одлука со која ќе го отфрли барањето за изземање кое не содржи образложени причини.

Членот на Советот **Лорета Горгиева** се јави за збор и наведе дека барањето за изземање од Комисијата е кажано усно. Потоа на 07.12.2023 година побарала од страна на Секретарката Александра Шоптрајанова да и даде последен записник од држење колегиум на 28.11.2023 година на која по оваа точка било дискутирано, но од страна на Секретарката добила одговор дека нема изготвено таков записник и од тие причини не доставила во писмена форма.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање известувањето на Весна Дамева член на Советот дали да биде изземена по однос на Комисијата каде е член за повторување на постапката од Виш управен суд. Со 4 гласа ,,За'' и 7 ,,Против'' **констатира дека Весна Дамева член на Советот не е изземена од Комисијата** во која е член. Воедно

констатира дека иако е присутна во салата Весна Дамева не гласаше по однос на ова барање.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека од страна на членот на Советот Мирсад Суроји се бара отповикување на номинацијата на Ѓорѓи Андонов за член на Второстепен дисциплински совет на Нотарсјка комира на РСМ и констатира дека со 12 гласа ,,За'' се става вон сила номинацијата за Ѓорѓи Андонов за член на Дисциплински Совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот од членот на Советот-Мирсад суроји за член на на Второстепен дисциплински совет на Нотарска комира на РСМ да се номинира Мирјанка Гоцевска Стефановска – судија на Апелационоиот суд Штип. Со 11 гласа ,,За'' и 1 ,,Против'' **Претседателот на Советот** констатира дека судијата на Апелациониот суд Штип Мирјанка Гоцевска Стефановска се номинира за член на Второстепена комисија за дисциплински Совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека дневниот ред е исцрпен и дека седницата е завршена.во 13.00 часот.

Тонскиот запис и листингот  со резултати од гласањето се составен дел од записникот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Сашко Георгиев**

Изработил: Медиа Шаќири
Одобрил: Весна Толева